До: **Државен комунален инспекторат**

**Архивски број: 09-156/2**
**Датум: 13.01.2022 година**

Врз основа на член 17 став (7) од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија бр. 27/14, 199/14, 27/2016, 35/2018, 198/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 143/19 и 14/20), Министерството за информатичко општество и администрација дава:

**СОГЛАСНОСТ**
**на**

1. Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во **Државен комунален инспекторат,** со архивски број **04-11/1** од **10.01.2022** година.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

**Државен комунален инспекторат** поднесе барање до Министерството за информатичко општество и администрација за добивање согласност на Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места.

Министерството за информатичко општество и администрација го разгледа доставениот акт и констатира дека истиот е во согласност со одредбите од Законот за административни службеници, Законот за вработените во јавниот сектор и Каталогот на работни места во јавниот сектор.

Врз основа на претходно утврденото, Министерството за информатичко општество и администрација дава согласност на Правилникот

Drejtuar: **Inspektoratit Shtetëror Komunal**

**Numri i arkivit: 09-156/**
**Data: ___.___.2021**

Në bazë të nenit 17 paragrafi (7) të Ligjit për të punësuarit në sektorin publik („Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë nr. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18 dhe „Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut“ nr. 143/19 dhe 14/20), Ministria e Shoqërisë Informatike dhe Administratës jep:

**PËLQIM**
**të**

1. Rregullores për ndryshimin dhe plotësimin e Rregullores së sistematizimit të vendeve të punës në **Inspektoratin Shtetëror Komunal** me numër të arkivit **04-11/1** të datës **10.01.2022.**

**ARSYETIM**

**Inspektorati Shtetëror Komunal,** pranë Ministrisë së Shoqërisë Informatike dhe Administratës, parashtroi kërkesë mbi marrjen e pëlqimit të Rregullores për ndryshimin dhe plotësimin e Rregullores së sistematizimit të vendeve të punës.

Ministria e Shoqërisë Informatike dhe Administratës e shqyrtoi aktin e dorëzuar dhe konstatoi se i njëjti është në harmonizim me dispozitat e Ligjit të nëpunësve administrativ, Ligjit të të punësuarve në sektorin publik, si dhe të Katalogut të vendeve të punës në sektorin publik.

Sipas përshkrimit të pasqyruar më lart, Ministria e Shoqërisë Informatike dhe Administratës, jep pëlqim të Rregullores për


Министерство за информатичко општество и администрација на Република Северна Македонија
Ministria e Shoqërisë Informatike dhe Administratës Republika e Maqedonisë së Veriut
Ул. „св. Кирил и Методиј“ бр. 54, Скопје Република Северна Македонија
Rr. „Shën. Kirili dhe Metodi“ nr. 54, Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 320 0874
www.mioa.gov.mk

# П Р А В И Л Н И К

## за изменување и дополнување на Правилник за систематизација на работните места во Државен комунален инспекторат Скопје

Скопје, јануари 2022 год.

Врз основа на член 55, став (2) од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Сл. весник на Р. С.М.“ бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10, 51/11 и „Сл. весник на Р.С.М.“ бр. 96/19 и 110/19),член 17 став 5 и став 7 од Законот за вработени во јавниот сектор (“Сл.Весник на Р.С.М” бр.27/14, - 217/21), в.д.Директорот на Државниот комунален инспекторат, на ден 13.01.'22 година донесе:

# П Р А В И Л Н И К
## за изменување и дополнување на Правилник за систематизација на работните места во Државен комунален инспекторат
Скопје

**член 1**

Со овој правилник се врши изменување и дополнување на Правилник за систематизација на работните места во Државен комунален инспекторат Скопје бр. 04-326/7 од 02.12.2019 година како и Правилникот за измена и дополна на правилникот за систематизација на работните места во Државниот комунален инспекторат бр:04-27/1 0д 26.01.2021 година.

**член 2**

**Во делот 2 Одделение за инспекциски надзор** во работното место со реден број 2 со шифра ИНС.01.01.Б04.000 – Виш инспектор – Раководител на одделение за инспекциски надзор, во делот вид на образование по текстот „Организациони науки и управување (менаџмент)„ се додава научно поле Економски науки и Архитектура урбанизам и планирање.

**член 3**

**Во делот 2 Одделение за инспекциски надзор** работното место со реден број 3 шифра ИНС.01.01.В01.000 – Советник комунален инспектор, во делот број на извршители бројот „3„ се заменува со бројот „6„ а во делот вид на образование по текстот „Градежништво и водостопанство, Архитектура урбанизам и планирање , Правни науки„ се додава научното поле Економски науки и Организациони науки и управување(менаџмент).

**член 4**

**Во делот 2 Одделение за инспекциски надзор** работното место со реден број 3-а шифра ИНС.01.01.В01.000 – и звање Советник комунален инспектор,број на извршители 3, се брише.

**член 5**

**Во делот 2 Одделение за инспекциски надзор** работното место со реден број 6 со шифра УПР.01.01.Г01.000 и звање Самостоен референт за административни работи во делот вид на образование зборот , „текстилно„ се брише.

**член 6**

**Во делот 3. Оделение за стручна административно-оперативна подршка на инспекторатот**, работното место бр.8-а , со шифра УПР.01.01.В04.000 со звање Помлад соработник за административни работи, се менува и гласи:

**3 .Оделение за стручна административно-оперативна подршка на инспекторатот**

| | |
|---|---|
| **Реден број** | 8-а |
| **Шифра** | УПР.01.01.В01.000 |
| **Ниво** | В1 |
| **Звање** | Советник |
| **Назив на работно место** | Советник –преведувач по албански јазик |
| **Број на извршители** | 1 |
| **Одговара пред** | Раководител на одделение |
| **Вид на образование** | Наука за јазикот (лингвистика), Образование, Наука за книжевноста |
| **Други посебни услови** | / |
| **Работни цели** | -самостојно извршува најсложени задачи од областа на управувањето во делокругот за превод на пишаните материјали од албански јазик на македонски јазик и обратно. |
| **Работни задачи и обврски** | 1. - извршување на работните задачи кои придонесуваат за остварувањето на програмата на ДКИ во делот на преводот;<br>2. - врши превод од албански на македонски јазик и обратно за работи од делокругот на инспекторатот;<br>3. - врши превод на пишани материјали (решенија, правилници, потврди, барања, поплаки, програми, процедури, и др.), за потребите на ДКИ;<br>4. - врши симултан и консекутивен превод;<br>5. - преведува писма, материјали и друга кореспонденција;<br>6. -прибира - дава предлози за планот на работа на одделението, предлог за подобрување на работата и извештај за напредокот во спроведувањето на неговата работа;<br>7. - ги следи и применува прописите од областа во која работи, вклучувајќи и меѓународните договори на кои Република Северна Македонија им пристапила или ратификувала. |

**член 7**

Во делот 3 Одделение за стручна и административно-оперативна подршка **на инспекторатот** работното место со реден број 9, шифра УПР.01.01.Г04.000 и звање Помлад референт за архивско работење во делот вид на образование зборовите „ гимназија„ и „правен смер „ се бришат.

**член 8**

**Во делот 3 Одделение за стручна и административно-оперативна подршка на инспекторатот** работното место со реден број 12, шифра УПР.01.01.Г04.000 и звање Помлад референт – технички секретар во делот вид на образование зборовите „ гимназија„ и „економски или ,правен смер „ се бришат.

**член 9**

**Во делот 4 Одделение за човечки ресурси** работното место со реден број 16 со шифра УПР.01.01.Г01.000 и звање Самостоен референт за човечки ресурси во делот вид на образование зборовите „гимназија, правен или текстилно„ се бришат.

**член 10**

**Во делот 5 Одделение за финансиски прашања** работното место со реден број 19 со шифра УПР.01.01.Г01.000 и звање Самостоен референт - благајник во делот вид на образование зборовите „гимназија , економски или машински техничар„ се бришат.

**член 11**

**Во делот 5 Одделение за финансиски прашања** работното место со реден број 20 со шифра УПР.01.01.Г04.000 и звање Помлад референт за јавни набавки во делот вид на образование зборовите „гимназија и економски„ се бришат.

**член 12**

Согласно извршените измени во интегралниот текст на правилникот се вршат изменувања и дополнувања и на табеларниот преглед на работните места како составен дел на правилникот.

**член 13**

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува по добиената согласност од Министерството за информатичко општество и администрација.

Бр. 04-11/1

Датум : 10.01.2022

**в.д.Директор**

**m-r Sali Ajdini**